Уп. бр. 08-95

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **ЕРСТЕ ГРОУП БАНК АГ**, со службено седиште во Виена, на адреса: Ам Белведере 1, 1100 Виена, Австрија, преку Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески, Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 02.06.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која **ЕРСТЕ ГРОУП БАНК АГ**, со службено седиште во Виена, на адреса: Ам Белведере 1, 1100 Виена, Австрија, ќе стекне директна единствена контрола врз **Сантандер Банк Полска С.А.**, со регистрирано седиште на адресата 17 Алеја Јана Павла II, Варшава, Полска иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да платиадминистративна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 04.06.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од **ЕРСТЕ ГРОУП БАНК АГ**, со службено седиште во Виена, на адреса: Ам Белведере 1, 1100 Виена, Австрија,, со која **ЕРСТЕ ГРОУП БАНК АГ**, ќе стекне директна единствена контрола врз **Сантандер Банк Полска С.А.**, со регистрирано седиште на адресата 17 Алеја Јана Павла II, Варшава, Полска, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ЕРСТЕ ГРОУП БАНК АГ,** е матично друштво на австриска групација за финансиски услуги која нуди банкарски и финансиски услуги во Централна и Источна Европа.

Во Република Северна Македонија, Ерсте Холдинг има три регистрирани зависни друштва:

- ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. Васил Иљоски бр. 14, Скопје - Центар, со регистрирана дејност: 64.190 – Друго монетарно посредување;
- Друштво за лизинг ШПАРКАСЕ ЛИЗИНГ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. Македонија бр. 34, Скопје – Центар, со регистрирана дејност: 64.910 – Финансиски лизинг;
- С-АМЦ1 ДООЕЛ Скопје - во ликвидација, со регистрирано седиште на ул. Македонија бр. 34, Скопје – Центар, со регистрирана дејност: 68.110 – Купување и продажба на сопствен недвижен имот.

**Сантандер Банк Полска С.А,** моментално е целосно контролирано од шпанското друштво Банко Сантандер, С.А. Сантандер Банк Полска С.А., е полска универзална банка која нуди производи во областите на финансирање, штедење и инвестирање, како и спектар на дополнителни услуги. Сантандер Банк Полска С.А., работи исклучиво во Полска и нуди услуги на физички лица, како и на мали и средни претпријатија и корпоративни клиенти. Сантандер Банк Полска С.А., е исто така индиректно активна преку подружници или заеднички вложувања во активности за факторинг, лизинг, осигурување и управување со средства.

Сантандер Банк Полска С.А., и Сантандер Банк Полска С.А., Групацијата немаат комерцијално присуство во Северна Македонија, немаат регистрирани зависни друштва или филијали и не вршат продажба во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**